# ЗАПИСНИК

*од Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **19.12.2008 година, 11 часот***
*Уставна сала, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 10, 05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа Н.Е г. Бернард Валеро, амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, г. Вацлав Млезива, Прв секретар и заменик шеф на мисијата, г. Патрик Паке, прв секретар и шеф на политичкиот и информативниот сектор во Делегацијата на Европската комисија, членовите на Националниот совет за евроинтеграции, претставници на синдикатите, стопанските комори, верските заедници, невладиниот сектор, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

За седницата беше предложен следниов:

**Дневен ред:**

- *Усвојување на записникот од Првата седница одржана на 15 септември 2008 година*
- *Усвојување на записникот од Втората седница одржана на 22 октомври 2008 година*
- *Усвојување на записникот од Третата седница одржана на 12 ноември 2008 година*

1. Скица за реализација на препораките содржани во Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година.

2. Препорака за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година.

3. Предлози и прашања.

По однос на Дневниот ред претседателот Шекеринска повикувајќи се на Одлуката за основање на Националниот совет за евроитнеграции и укажувањето од стручната служба на Собранието на РМ, предложи втората точка наместо Препорака да гласи Мислење за за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година.

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

Пред преминувањето на првата точка од Дневниот ред, Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги усвои записниците од Првата седница, одржана на 15 септември 2008 година, од Втората седница, одржана на 22 октомври 2008 година и од Третата седница, одржана на 12 ноември 2008 година.

**ТОЧКА 1: СКИЦА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ СОДРЖАНИ ВО ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА.**

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Ивица Боцевски, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа: г.Скендер Бузаку,претставник на Исламската верска заедница, г.Александар Кржаловски, преставник на Граѓанската платформа, г.Андреј Жерновски, пратеник во Собранието на Република Македонија, г-ѓа Радмила Шекеринска, пратеник во Собранието на Република Македонија, проф. д-р Владо Камбовски, од Македонската академија на науките и уметностие, г.Џевад Адеми, пратеник во Собранието на Република Македонија, г.Тито Петковски, пратеник во Собранието на Република Македонија, г.Кенан Хасипи, пратеник во Собранието на Република Македонија и г-ѓа Љубица Нури, претставник на Стопанската комора на Македонија, кои ги изнесоа своите согледувања и забелешки по однос на Скицата за реализација на препораките содржани во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година.

По однос на првата точка Советот донесе заклучок предлозите и забелешките кои беа изнесени на седницата да ги достави до Владата на Република Македонија во писмена форма, со претходна авторизација од страна на дискутантите.

**ТОЧКА 2: ПРЕПОРАКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА.**

Во дискусијата со свои излагања учествуваа г. Ивица Боцевски, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и г. Слободан Антевски, претставник на Унијата на слободни синдикати на Македонија.

Предлози за изменување и дополнување на предложениот текст на Мислењето немаше. Националниот совет за евроинтеграции со консензус го усвои Мислењето за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година.

Советот заврши со работа во 12.55 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки и списокот на присутни членови и претставници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**